**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I Бр. 25-29
.05.2013 година
Скопје 04-06-2013

Министерот за економија врз основа на член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11 и 123/12) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10, 105/10 и 132/12), постапувајќи по барањето на Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово, УП I бр.25-29 од 18.04.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово, за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за категорија L, $M_1$, T и R, во станицата за технички преглед лоцирана на ул.Козјачка бб с.Добрашане - Куманово.

2. Решението за овластување на правното лице за технички преглед за вршење на идентификација бр.25-6659/2 од 06.10.2010 година, престанува да важи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-29 од 18.04.2013 година за овластување на правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за категорија L, $M_1$, T и R согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи:

-Решение за овластување за вршење на технички преглед на сите групи на категории бр.19.11.1-18875/3 од 17.06.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи, во станицата за технички преглед лоцирана на ул.Козјачка б.б. с.Добрашане - Куманово;

- Договор за закуп на простор и опрема бр.УЗП 2797/13 од 15.04.2013 година;
- Копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инж. Петар Арсиќ со Потврда за положен стручен испит бр.25-1304/2 од 11.04.2013 год. дипл. маш. инж. Љубиша Крстевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-1306/2 од 11.04.2013 год. и дипл. маш. инж. Оливер Николиќ со Потврда за положен стручен испит бр.25-5408/2 од 02.09.2010 год;
- Доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.800002854 од 14.09.2012 година;
- Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата; и
- Записник за извршен непосреден увид кај барателот бр.25-29 од 16.05.2013 година.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа на горе изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12 ) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Валон Сараќини

| | |
|---|---|
| Изработил: | Јане Шапардановски |
| Контролирал: | Нериман Џеладини |
| Согласен | Билјана Д. Стојановска |
| Одобрил | Анче Трифунов |